*(доверливо)*
**СО 42. седница**
**29.8.2018 година**
**Точка на дневен ред бр.4**

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола

**Битола, октомври 2018 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 45 од Статутот на „Стопанска банка“ а.д. Битола НО бр. 02-12149/1/I-2 од 13.6.2017 година, Собранието на „Стопанска банка“ а.д. Битола на седницата одржана на ден 3.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола

### Член 1

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на „Стопанска банка“ а.д. Битола за период од три години, за 2018, 2019 и 2020 година се определува Друштвото за ревизија „МУР СТИВЕНС“ ДОО СКОПЈЕ.

### Член 2

Се овластува Управниот одбор на Банката со Друштвото за ревизија од член 1 од оваа Одлука да склучи договор во кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот на истите во согласност со дадената понуда.

### Член 3

Износот на средствата на надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.__________
Битола, 3.10.2018 година

Собрание
Стопанска банка а.д. Битола
претседавач

____________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Одлуката за избор на Друштво за ревизија**
**на „Стопанска банка“ а.д. Битола**

Согласно член 105 од Законот за банките (Службен весник на Р. Македонија бр.67/07, бр.90/09, бр.67/10, бр.26/13 бр.15/15, 153/15 и 190/16), Банката е должна да определи Друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на годишните финансиски извештаи и трговските книги на Банката.

Исто Друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка.

Имено, Собранието на акционери на „Стопанска банка“ а.д. Битола на својата 41. Седница на годишното Собрание на акционери одржана на 25.4.2018 година донесе Одлука со која за Друштво за ревизија за период од три години и тоа 2018, 2019 и 2020 година, го определи Друштвото за ревизија „КПМГ Македонија ДОО Скопје“.

По донесената Одлука, „Стопанска банка“ а.д. Битола со свој допис бр.05-9232/1 од 7.5.2018 година се обрати до избраното Друштво за ревизија за склучување договор за ревизија на финансиските извештаи на Банката.

На ден 17.7.2018 година, Друштвото за ревизија „КПМГ Македонија ДОО Скопје“ достави допис до „Стопанска банка“ а.д. Битола со кој ја известува Банката дека не прифаќа да склучи договор за ревизија на финансиските извештаи како резултат на промени во политиките за управување со ризици на регионално ниво, што не е поврзано со работењето на Банката.

Имајќи го предвид дописот од Друштвото за ревизија „КПМГ Македонија ДОО Скопје“, Управниот одбор формираше комисија за прибирање понуди за избор на Друштво за ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Банката.

Во транспарентниот процес за избор на друштво за ревизија, притоа имајќи ги предвид законските ограничувања за периодот на последователни ревизии, постоењето на можен судир на интереси поради тековни заеднички проекти со одредени друштва, потоа ценејќи ги искуствата од меѓународната финансиска практика и водејќи се од принципите на репутациски ризик за Банката, покани за учество им беа испратени на три друштва за ревизија:

- „ПРАЈС ВОТЕРХАУС КУПЕРС“ ДОО Скопје;
- „МУР СТИВЕНС“ ДОО Скопје;
- „ДИЛОИТ“ ДОО Скопје

Одборот за ревизија на Банката по разгледување на пристигнатата понуда доставена од Друштвото за ревизија „МУР СТИВЕНС“ ДОО СКОПЈЕ, достави предлог до Надзорниот одбор на Банката за друштво за ревизија да се избере Друштвото за ревизија „МУР СТИВЕНС“ ДОО СКОПЈЕ, за период од три години, 2018, 2019 и 2020 година.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 29.8.2018 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштвото за ревизија „МУР СТИВЕНС“ ДОО СКОПЈЕ за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на „Стопанска банка“ а.д. Битола за период од три години, 2018, 2019 и 2020 година и истиот го доставува до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување друштво за ревизија.

НО бр. 02-16632/1/II.1-13
Битола, 29.8.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ